

# КАМЕРЕН КОНЦЕРТ

**Концерт за четирирачно пијано**
**со Марија Ѓошевска и Елена Атанасовска-Ивановска**

21 декември 2018, Камерна сала, 20 ч.

## ПРОГРАМА:

**П. И. Чајковски/Е. Лангер –**
**Свита „Оревокршачка“**

– Увертира
- Марш
- Танц на самовилата на бонбоните
- Трепак – Руски танц
- Арапски танц
- Кинески танц
- Танц на лилјаните
- Валцер на цвеќињата

**К. Сен-Санс/Л. Гарбан –**
**„Карневал на животните“**

- Вовед – Кралски марш на лавот
- Кокошки и петли
- Брзи, итри животни
- Желки
- Слон
- Кенгури
- Аквариум
- Персони со долги уши
- Кукавица во длабоките шуми
- Кафез
- Пијанисти
- Фосили
- Лебед
- Финале

**Бете Илин – Македонска парафраза бр.2**

www.filharmonija.mk

[@MakedonskaFilharmonija]
[@FilharmonijaMKD]
[@makedonska_filharmonija]

МАКЕДОНСКА
ФИЛХАРМОНИЈА

Елена Атанасовска-Ивановска и Марија Ѓошевска се вбројуваат меѓу најистакнатите пијанисти во Македонија, но кои успешно ја претставуваат и ја афирмираат нашата земја и надвор од нејзините граници. Нивната соработка започнува сосема наивно и ненаметливо уште во Нижото музичко училиште преку изведба на Концертот за две пијана на J. C. Бах BWV 1060, за да се круниса со настап со Македонската филхармонија, каде што ставовите од концертот на Бах во f-moll ги делат меѓусебно. Многубројни се и полурециталите што ги даваат во Нижото музичко училиште и во Средното музичко училиште во Скопје и низ Македонија. На Факултетот за музичка уметност, пак, во класата на проф. Борис Романов, започнува нивното заедничко дружење преку музиката, каде што остојано се придружуваат на сите клавирски концерти кои бараат пијано-придружба. Дуото официјално започнува да концертира на фестивалот „Златна лира" во 2009 година. На нивниот репертоар за навистина краток период се најдоа речиси сите капитални дела од светската литература за две пијана. За нив критиката има напишано:

„...Ѓошевска – Ивановска синоќа демонстрираа исклучителна исполнителска уедначеност која беше комбинирана со висока исполнителска техника, со силна експресивност, без која Рахмањинов и не може да се замисли, и исполнителска култура која ретко се гледа кај уметници што се на почетокот на својата кариера..." Марко Коловски („Музика")